Врз основа на член 3-ж став (2) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2002, 49/2003, 13/2006, 88/2008, 35/2011 и 51/2011), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на дawaтел на финансиски лизинг, односно за одбивање на барањето за основање и работа на дawaтел на финансиски лизинг

### Член 1
Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг односно за одбивање на барањето, барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг односно одбивање на барањето и барањето за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на давател на финансиски лизинг односно за одбивање на барањето заради недонесување на решение во рокот утврден во членот 3-г став (1) од Законот за лизинг.

### Член 2
Барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг, односно за одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг, односно за одбивање на барањето“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3
Барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг, односно одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг, односно одбивање на барањето“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Барањето за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на давател на финансиски лизинг, односно одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на давател на финансиски лизинг, односно одбивање на барањето“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-
03 мај 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПРИЛОГ 1

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
за донесување на решение за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг

Од___________________________________________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барањето)

_____________________________________________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 3-ж став (4) од Законот за лизинг да постапи по барањето за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг поднесено под број _________________ од ______________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број ________________ од ______________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

________________________ ________________________________________

ПРИЛОГ 2

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ

за донесување на решение за добивање дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг

Од_______________________________________________________________________________________

(назив на давател на финансиски лизинг - подносител на барањето)

___________________________________________________________________________________________

(седиште на давател на финансиски лизинг - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 3-ж став (4) од Законот за лизинг да постапи по барањето за добивање дозвола за статусни промени на давател на финансиски лизинг поднесено под број __________________ од _______________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број _________________ од _______________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

__________________________ ___________________________________________

ПРИЛОГ 3

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

# БАРАЊЕ
за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на давател на финансиски лизинг

Од_____________________________________________________________________________________
(назив на давател на финансиски лизинг - подносител на барањето)

_______________________________________________________________________________________
(седиште на давател на финансиски лизинг - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 3-ж став (4) од Законот за лизинг да постапи по барањето за добивање согласност за промена на член на орган на управување на давател на финансиски лизинг поднесено под број __________________ од _______________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број _________________ од _______________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

__________________________ ___________________________________________